romaversitas north macedonia

ROMA EDUCATION FUND Invest | Educate | Engage

This Project is funded by the European Union

# ПОВИК ЗА ЕКСПЕРТ

## за кариерно советување за средношколци Роми

Во рамките на проектот:
„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“

Здружението на граѓани „Ромаверзитас“ - Скопје во рамките на проектот: **„Зголемување на стапката на задржување и учество на ученици Роми во средно образование, транзиција кон високо образование и/или премин на пазарот на трудот“,** финансиран од Европска Унија и РЕФ, објавува повик експерт за кариерно советување за средношколци Роми.

### Опис на активноста

За период од 4 месеци, најмалку 10 средношколци ќе имаат можност да ги користат услугите на експерт за кариерно советување. Истиот ќе развие Индивидуални Кариерни Планови, ќе подготви индивидуални Кратки биографии и ќе помогне при стекнување на посакуваните меки вештини на средношколците Роми. Дополнително ќе се одржуваат месечни состаноци на кои средношколците ќе можат да се информираат за тековните потреби на пазарот на трудот, овозможувајќи им на матурантите да донесат информирани одлуки за својата идна професија. На крајот од активноста, експертот ќе биде задолжен да поднесе извештај.

### Цели на активноста

- Да им помогне на средношколците Роми да обезбедат успешна транзиција во следното ниво на нивното образование или да се вработат;
- Да обезбеди академска поддршка за целиот процес со цел средношколците да донесат информирана одлука;
- Да им помогне на средношколците да идентификуваат, креираат и реализираат индивидуални цели на личен и професионален план;
- Да поддржи развој на средношколци лидери кои имаат знаење, вештини и способности за реализирање на своите лични и кариерни цели;
- Да обезбеди целосна академска поддршка за надминување на сите проблеми и нејаснотии што ќе ги имаат средношколците при транзиција на пазарот на трудот и идентификување на посакуваната работа.

### Работни задачи на истражувачот-експерт

- Да достави најмалку 10 индивидуални кариерни планови (за секој средношколец по еден);
- Да достави финален наративен извештај за неговиот ангажман.

### Основни критериуми:

- Соодветно високо образование (предност постдипломски студии)
- Работно искуство од најмалку 5 години
- Претходно исто или слично работно искуство

- Да има одлични истражувачки и аналитички способности
- Да имаат способности за планирање и организација

**Потребни Документи за пријавување за експерт**

За пријавување за експерт треба да се доставаат следните документи:

- кратка биографија
- диплома за завршено соодветно образование
- Друга документација која кандидатот смета дека ќе му биде во прилог на апликацијата (доколку има референтни писма, доколку поседува искуство за слична работа во други проекти, сертификати и сл.)

Сите заинтересирани кандидати, се охрабруваат да ги достават документите најдоцна до 17.01.2025 часот на меил kristijan.angelkov@romaversitas.org.mk или во просториите на Ромаверзиас, со назнака: Апликација за експерт за кариерно советување за средношколци Роми.